Волнарски комбинат Тодор Циповски Мерџан Тетекс АД Тетово

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0202- 2122/10
27.12 2024 год.
ТЕТОВО

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА ТЕТЕКС АД ТЕТОВО

Тетово, 2024

**Содржина**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ........................................................................................ 3

2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ............................. 3

3. ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ................................................................................. 4
3.1 Професионализам и лична одговорност
3.2 Почитување на соработниците
3.3 Транспарентност
3.4 Доверливост во работењето
3.5 Деловна тајна
3.6 Политичка неутралност
3.7 Избегнување на судир на интереси
3.8 Избегнување на корупција
3.9 Грижа за имотот на Тетекс АД Тетово
3.10 Грижа за своите клиенти
3.11 Однесување во приватниот живот

4. ПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ од членовите на Одборот на директори.............7

5.НЕПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ.......................................................................8

6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ.........................................................................................8

Врз основа член 94 од Статутот на Тетекс АД Тетово на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово на седницата одржана на ден 27.12.2024 год. го усвои следниот

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА ТЕТЕКС АД ТЕТОВО

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Целта на овој Кодекс е воспоставување и промовирање на правила и стандарди преку кои ќе се обезбеди остварување на претпоставките за етичко постапување и деловно одговорно однесување, како и промовирање на вредности на организациска култура, како што се: законитост, чесност, независност, непристрасност, одговорност, совесност, праведност, уважување, соработка и стручност.

Начелата на овој Кодекс се задолжителни и се применуваат на сите вработени и членовите на Одборот на директори во Тетекс АД Тетово.

Правилата и стандардите на однесување дефинирани во овој Кодекс имаат за цел да ги насочат вработените и членовите на Одборот на директори во Тетекс АД Тетово.да се однесуваат во согласност со етичките начела и добрите деловни обичаи, како и професионално и деловно одговорно.

При извршување на своите должности, вработените и членовите на Одборот на директори во Тетекс АД Тетово го почитуваат овој Кодекс со цел да го зачуваат својот професионален интегритет, угледот на Тетекс АД Тетово како и угледот на неговите деловни партнери, соработници и другите заинтересирани лица.

Од вработените и членовите на Одборот на директори се очекува висока свест за важноста на професионалното однесување и извршување на своите обврски, како и да ја промовираат и одржуваат довербата на јавноста во Тетекс АД Тетово.

Вработените, особено оние кои извршуаат раководни функции, со личен пример ги промовираат етичките вредности на овој кодекс во Тетекс АД Тетово и надвор од неа.

## 2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Основни принципи и стандарди во работењето на сите вработени и членовите на Одборот на директори во Тетекс АД Тетово се:

- посветеност и непристрасност во работењето
- професионализам, тимски дух,
- законитост, стручност, совесност, чесност, интегритет, почит, доверба во вршењето на работните задачи и обврски
- чување на својот углед, достоинство, професионален интегритет, а со тоа и угледот на Тетекс АД Тетово како и одбегнување на однесувања и ситуации кои можат да наштетат на интересот или угледот на Тетекс АД Тетово
- одбегнување на секаков вид етички некоректно и/или несоодветно однесување
- избегнување на користење/злоупотреба на статусот или можно влијание за задоволување на сопствени материјални и лични интереси, како и интереси на членови на семејството
- одбегнување на однесување, постапки или давање на изјави со кои би се дискриминирале клиентите и колегите поради пол, род, раса, боја на кожа, етничка и национална припадност, социјален, општествен и материјален статус, образование, религија или верско уверување, и/или која било друга основа и
- почитување на туѓите права и достоинство.

## 3. ТЕМЕЛНИ ВРЕДНОСТИ

### 3.1 Професионализам и лична одговорност

Работењето во Тетекс АД Тетово се заснова на професионализам на сите вработени, се извршува во согласност со стручноста и компетентноста и вклучува почитување на прописите (законски и подзаконски), како и интерните акти на Тетекс АД Тетово.

Нужни обележја на професионализмот се одговорност кон работата, совесност, чесност, иницијатива, непристрасност, независност, компетентност во извршувањето на работата и работните задачи, ефикасност и соработка.

Вработените, во согласност со своите способности и потребите на работата, се едуцираат, оспособуваат и усовршуваат.

Вработените во рамки на својата стручност ги споделуваат информациите кои се значајни за законско и професионално извршување на работата и им укажуваат на соработниците за можните неправилности во вршење на работата, особено ако станува збор за неправилности кои можат да предизвикаат кршење/непочитување на прописите и интерните акти на Тетекс АД Тетово со кои може да се предизвика штета на Тетекс АД Тетово.

Вработените се воздржуваат од ширење на наводи и информации кои се погрешни, лажни или предимензионирани, односно информации кои кај другите вработени би можеле да доведат до донесување на погрешни заклучоци, грешки во извршувањето на работата и работните задачи или би можеле на било кој начин да ги вознемират.

Секое непочитување на одредбите од Кодексот ќе се третира како неприфатливо однесување и ќе подлежи на мерки на дисциплинска одговорност.

Вработените ја прифаќаат личната одговорност при извршување на службените обврски согласно доделените должности и овластувања.

### 3.2 Почитување на соработниците

Вработените во усната и писмена комуникација, вклучувајќи и комуникација преку системот на електронска пошта на Тетекс АД Тетово се однесуваат со уважување, почитување, пристојност, внимателност и меѓусебна доверба, почитувајќи го достоинството, моралните вредности, различноста, стручните знаења и работата на соработниците.

Вработените се должни да ги почитуваат работните обврски на другите соработници.

Вработените, особено оние кои извршуваат раководни функции, нема да бараат од соработниците да извршуваат приватни работи заради остварување на интерес или корист за себе или за некој друг.

Вработените се воздржуваат од интересирање и проценување на приватниот живот на соработниците.

Препорачливо е да се препознае и пофали трудот и залагањето на соработниците. Ако е потребно да се даде негативна повратна информација на соработникот, таа му се дава за однесувањето во конкретна ситуација и вообичаено насамо.

### 3.3 Транспарентност

Тетекс АД Тетово во своето работење ќе соработува со релевантните тела и институции со цел да се мониторираат преземените активности.

Тетекс АД Тетово ќе ја обезбеди точноста на информациите кон телата и институциите кои бараат информација од Тетекс АД Тетово, кон акционерите, како и кон јавноста. Сето ова ќе ја гарантира транспарентноста во работењето како дел од доброто корпоративно управување со Тетекс АД Тетово .

### 3.4. Доверливост во работењето

Доверливоста во работењето е основен аспект во работењето на Тетекс АД Тетово.

Од секој вработен во Тетекс АД Тетово се очекува да го почитува кодот на доверливост во работењето.

Вработените се должни да користат доверливи информации само во поддршка на нивното работење и тоа доколку не ги прекршуваат важечките закони и регулативи, како и етичките норми.

Вработените се обврзани да ја чуваат доверливоста на информациите, да не ја делат со никого надвор од Тетекс АД Тетово, вклучувајќи го семејството и пријателите или со колегите на кои таквата информација не им е потребна во исполнување на нивните работни обврски.

Информациите остануваат доверливи дури и ако на вработениот по било кој основ му престане работниот однос во Тетекс АД Тетово.

Како дел од напорите да се осигура тајност и заштита на приватноста на вработените, на соработниците и сите трети лица, се забранува неовластена употреба на видео материјали, аудио снимки или друга форма снимен материјал или медиум за чување податоци.

Обврската во однос на доверливоста на податоците ги исклучува случаите каде што давањето на податоците се бара од Служба за внатрешна ревизија за целите на ревизија.

Забранет е пристап до доверливи информации од неовластени лица.

### 3.5. Деловна тајна

Чувањето на деловна тајна претставува должност и морална обврска на секој вработен во Тетекс АД Тетово.

### 3.6 Политичка неутралност

Тетекс АД Тетово во своето работење ќе демонстрира и одржува политичка неутралност и нема да спонзорира и финансиски да поддржува било каква политичка организација.

Вработените нема јавно да го застапуваат или изразуваат своето политичко убедување во вршењето на работните задачи и овластувања, напротив, работните задачи, обврски и овластувања ќе ги извршуваат на политички неутрален начин, без да навлегуваат во вредносно преиспитување на туѓите ставови.

Тетекс АД Тетово нема да ги спречува вработените доколку надвор од работното време сакаат да бидат активни во јавниот живот во политички партии или невладини организации. Сепак преземените приватни активности на вработените на тоа поле не смее да го инволвира Тетекс АД Тетово во преземање на обврски ниту да го користи името и репутацијата на Тетекс АД Тетово за придобивање одредени поени.

**3.7 Избегнување на судир на интереси**

За време на работењето во Тетекс АД Тетово, вработените не смеат да даваат предност на приватните интереси и личната корист пред интересите на Тетекс АД Тетово и обврските од работниот однос.

Вработените при извршување на службените должности треба секогаш да постапуваат во служба на корпоративниот интерес, исклучувајќи ги своите приватни интереси, почитувајќи ги принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност, како и да избегнуваат учество во ситуации кои можат да доведат до судир на интереси.

Тетекс АД Тетово презема соодветни мерки за справување со случаите што можат да предизвикаат или да доведат до судир на интереси. Вработените, без одлагање бараат насоки за постапување од својот директно претпоставен раководител доколку се соочат со можен судир на интерес во однос на својата работа и работни задачи во Тетекс АД Тетово.

**3.8 Избегнување на корупција**

Тетекс АД Тетово не толерира корупција, нити било кој друг облик на злоупотреба на службени овластувања и нанесување штета на Тетекс АД Тетово .

Вработен кој ќе дојде до сознание или оправдано сомневање за постоење на корупција или нанесување штета на Тетекс АД Тетово (измама, кражба и сл.) за тоа веднаш писмено или преку електронска пошта го известува својот непосредно претпоставен раководител.

Случаите на корупција во Тетекс АД Тетово задолжително се пријавуваат во Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово.

Одборот на директори се обврзува дека ќе го заштити секој вработен кој што пријавил случај на корупција.

**- Прием на подароци -**

Вработените не смеат (посредно или непосредно) да примаат подароци кои во извршување на одредена работа би можеле да го доведат во зависност од некое физичко или правно лице или кои би можеле да влијаат /или да создадат впечаток дека се влијае на неговата објективност, независност, професионалност и непристрасност во извршување на работата.

Под подарок во смисла на оваа точка се подразбира: 1/ предмет, право, услуга или привилегија во финансиски облик, 2/ ветување на предмети, права, услуги или привилегија во финансиски облик или 3/ предмети, права, услуги или привилегии кои веќе ги примил под услови кои значајно отстапуваат од вообичаената деловна пракса и/или условите на пазарот. Под подарок, исто така се подразбира предмет, право, услуга или привилегија во финансиски облик кои ќе ги прими брачен другар, дете, или некој друг, а јасно е наменет за вработениот.

Вработените не смеат да примаат подароци од учесници во постапка за набавка на стоки и услуги, нити во случаи кога постапката за набавка е завршена.

При секое нудење на подарок од претходните ставови на оваа точка, вработениот веднаш го известува својот непосредно претпоставен раководител.

**3.9 Грижа за имотот на** Тетекс АД Тетово

Вработените кон имотот на Тетекс АД Тетово ќе постапуваат одговорно и со зголемено внимание.

Вработените се должни да го штитат имотот на Тетекс АД Тетово и да ги преземаат сите потребни активности за чување на истиот од губење, оштетувања и неовластено користење.

Вработените преземаат соодветни мерки за да се ограничат или намалат трошоците на Тетекс АД Тетово цел оптимално да се користат сите расположливи ресурси на Тетекс АД Тетово.

Тетекс АД Тетово инсистира на придржување кон упатствата за користење на опремата, телефоните, интернет, е-меил строго за деловна комуникација и потреби. Тетекс АД Тетово забранува неовластен пристап и користење на апликации кои не се поврзани со извршување на работните обврски.

Забрането е секое користење на знакот, логото, печатот и меморандумот на Тетекс АД Тетово за потреби надвор од деловните процеси на Тетекс АД Тетово.

**3.10. Грижа за своите клиенти**

Главните активностите на Тетекс АД Тетово се ориентирани кон клиентите, односно кон почитување и заштита на односот со клиентите, без никаква дискриминација, а сите клиенти се третирани еднакво и еднакво се заштитуваат нивните интереси.

**3.11. Однесување во приватниот живот**

Вработените во Тетекс АД Тетово во приватниот живот ќе одбегнуваат однесување кое би можело да доведе до нарушување на нивниот углед, достоинство и личен интегритет, а кое би можело да ја намали довербата на јавноста во Тетекс АД Тетово.

Исто така вработените ќе избегнуваат активности кои се во конфликт со законските и етичките норми, а кои би можеле да бидат причина за нивна уцена при вршење на службените задачи.

**4. ПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ од страна на членовите на Одборот на директори**

Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово се должни да се придржуваат кон одредбите на овој кодекс а посебно :

- Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово се должни да ги следат и соодветно да ги применуваат законите и другите акти поврзани со извршување на нивните должности, кои ги извршуваат со внимание , професионалност и интегритет.
- Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово не смеат да го злоупотребуваат своето овластување и статус.
- Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово се должни да го информираат Друштвото доколку против нив е поведена постапка за утврдување кривична одговорност.
- Во случај кога од Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово се бара да дејствуваат на неетички начин или на друг начин кој претставува кршење на овој кодекс, тие за тоа писмено ќе

го информираат Одборот на директори.Одборот на директори е должен да ги испита наводите во информацијата од став 1 на овој член, а во случај кога ќе се потврди постоење на истите , ќе иницира преземање на соодветни мерки.

- Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово при вршење на своите обврски нема да бидат пристрасни, односно ќе обезбедат еднаков третман на сите субјекти, при донесување на конкретна одлука нема да се раководат од предрасуди, остварување на амбиции за напредување во кариерата, судир на интереси, примање поткуп , заплашеност или закани.
- Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово не смеат да примаат и изнудуваат подароци, награди и друг вид на корист што може да влијае врз нивната работа, ниту да користат информации за да остварат свои приватни интереси или интереси на други лица.
- Членовите на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово ги извршуваат своите работни задачи, обврски и овластувања на политички неутрален начин, без јавно изразување на своето политичко убедување.
- За одговорноста на членот на Одборот на директори кој постапил спротивно на одредбите утврдени со овој кодекс, ќе расправа Одборот на директори.

## 5. НЕПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ

Постапувањето во согласност со одредбите од овој Кодекс е обврска која произлегува од работен однос и кон која се придржуваат сите вработени во Тетекс АД Тетово и обврска која произлегува од членство во Одборот на директори.

Прекршувањето на одредбите од овој Кодекс, зависно од тежината на повредата може да резултира со изрекување мерки предвидени во Законот за работните односи.

Службата за внатрешна ревизија е надлежна за следење на примената на овој кодекс со цел да се обезбеди негова единствена и доследна примена.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Етички кодекс влегува во сила и ќе се применува од денот на неговото усвојување од страна на Одборот на директори.Со доенсување на овој кодекс престанува да важи етичкиот кодекс донесен под број 0202-2050/11 од 29.12.2021

**Одбор на директори**
**Претседател,**
Борислав Трповски